**Бр. 17-1147/3**
Скопје, **18.10.2024** година

Врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања бр.02-1404/1 од 07.11.2018 година в.в со член 4 од пречистениот текста на Правилникот за КСУ бр. 02-529/7, Комисијата за стручни стоматолошки прашања во состав: проф. д-р Киро Папакоча-претседател, проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска, доц. д-р Денис Бафтијари, вон. проф. д-р Катерина Златановска и проф. д-р Наташа Тошеска Спасова, на својата седница одржана на ден **18.10.2024 година,** ја донесе следната

## ОДЛУКА

### Член 1

Се задолжуваат акредитираните организатори на стручни настани, **програмата** за одржување на облици на континуирано стручно усовршување да ја доставуваат до Комисијата за стручни стоматолошки прашања заедно со Барањето за одобрување на облик или најдоцна десет дена пред одржување на настанот,со цел утврдување дали е согласно поднесеното Барање.

### Член 2

Се задолжуваат акредитираните организатори, заедно со Барањето за издавање бар-кодови, до Комисијата да достават и **бланко-сертификат за настанот**, со цел навремено утврдување и проверка на формата и содржината на истиот.

Доколку формата и содржината на сертификатот не се согласно одредбите на Правилникот за КСУ и Одлуката бр. 02-1335/3 од 13.12.2023г., Стручната служба на Комората на организаторот нема да му достави електорнска листа со потребен број на бар-кодови.

### Член 3

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**

**Комисија за стручни стоматолошки прашања**
**Претседател,**
**проф. д-р Киро Папакоча**

М.П. ____________________